

## Македонската фаланга ги затвори централните сиднејски улици!

Протестниот марш, кој успешно го организираа здружени и обединети, сите македонски општествени, културни, социјални и црковни здруженија, започна пред сиднејскиот Town Hall и течеше низ централните сиднејски улици, се до Martin Place, каде што се одржаа главната, официјална манифестација. На овој грандиозен настан австралиската химна ја испеја Милица Кипровска, македонската химна ја испеја Благојче Петров, а абориџанскиот благослов за одржувањето на настанот на австралиско тло го даде, македонскиот зет, абориџанецот Брет Гроган.

Пред присутните говореа: Џошуа Шерман, Жаклина Михајлова, Игор Марковски, Душан Ристески и Крис Каранфиловски. Во обраќањето беше истакнато дека МАКЕДОНСКИТЕ ОСНОВНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА СЕ ЗАГРОЗЕНИ. Не треба и не смее светот да ги затвора очите пред геноцидот врз македонскиот народ кој трае од 1912 година до денес!


END THE
MACEDONIAN
GENOCIDE


LOUIS VUITTO





